Приватен НАУЧЕН ИНСТИТУТ
ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-1311
15.01.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 22 од Статутот на Приватниот Научен Институт за бизнис економија Скопје, а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Научниот Совет на Институтот за бизнис економија, на седница одржана на 15.01.2013, донесе:

**ОДЛУКА**

**За утврдување на листа на информации од јавен карактер од надлежност на Приватниот Научен Институт за бизнис економија Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува листата на информации од јавен карактер, кои ги создал и со кои располага Приватниот Научен Институт за бизнис економија Скопје ( Во понатамошниот текст: ИБЕ), во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон.

Оваа листа на информации од јавен карактер ги содржи информациите кои се создаваат од страна на ИБЕ и тоа:

- Акти на органите на ИБЕ (достапни на www.ibi.edu.mk и во просториите на ИБЕ)

- Соопштенија до јавноста за тековните активности (достапни на www.ibi.edu.mk и во на огласна табла во просториите на ИБЕ)

- Документи поврзани со наставна дејност
    - Податоци за запишани студенти (достапни во просториите на ИБЕ)
    - Документи поврзани со студиските програми (достапни на www.ibi.edu.mk и во просториите на ИБЕ)

- Документи поврзани со научноистражувачка дејност (достапни на www.ibi.edu.mk)

- Документи поврзани со меѓународна соработка (достапни на www.ibi.edu.mk)

- Годишни извештаи од финансиско-материјално работење (Достапни во Управата за јавни приходи, Централен регистар на Р.Македонија)

- Рецензии за избор во звања (достапни на www.ibi.edu.mk и во просториите на ИБЕ)

**Член 2**

Заштитени од правото за слободен пристап до информации се сите лични податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, податоци од тековните финансиски активности по сите основи, и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап до информации со член 6 од Законот за заштита на лични податоци.

**Член 3**

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб страницата на ИБЕ.

**Член 4**

Оваа одлука влегува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Директор**
**проф.д-р Весна Стојанова**

Приватен НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
СКОПЈЕ